ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПР.
**КОМУНАЛЕЦ** П.О
Бр. 0307-94
2-03 2017 г.
СВЕТИ НИКОЛЕ

0307-156/1
02.03.2017

# ДОГОВОР

Склучен на ден 02.03.2017 год. помегу:

1.Општина Свети Николе со седиште на ул.Плоштад Илинден б.б. преставувана од Градоначалникот на Општина Свети Николе Зоран Тасев,од една страна и
2.Јавно Комунално Претпријатие ,,Комуналец,, од Свети Николе преставувано од Директорот Александар Давчев од друга страна

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на мегусебните обврски,дефинирање на цените на услугите,начинот на обезбедување на доказите за обемот на извршената работа,во делот на реализација на Програмата за одржување на Јавно зелени површини во Свети Николе за 2017 год

### Член 2

Извршување на услугите утврдени во чл.1 на овој договор ке биде евидентирано и во спецификација во која ке биде наведено видот на извршената услуга и времетраењето како и со работен налог потпишан од двете страни.

Изготвената спецификација уредно потпишана од извршителот и овластените лица на корисникот,како и работниот налог кој е составен дел иа спецификацијата за реализација на работите.

### Член 3

Цената на извршените работи од Програмата за одржување на на јавно зелените површини ЈКП Комуналец ќе ги фактурира согласно цените утврдени со Програмата за одржување на јавно зелените површини во Свети Николе за 2017 год,усвоена од Советот на Општина Свети Николе бр. 0801-111 од 24.01.2017 година, објавена во Службен Весник на Општина Свети Николе бр.01/2017од 24.01.2017 год. Програмата е составен дел на овој Договор.

### Член 4

Начинот и условите на плаќање ќе се регулира месечно по фактури и спецификација за извршена работа, која ќе биде составен дел на фактурата и ќе биде поптишана од двете договорни страни.

### Член 5

Вредноста на овој договор без ДДВ изнесува 3.135.312,00 денари плус ДДВ кое изнесува 156.766,00 денари. Вкупниот износ на договорот заедно со ДДВ изнесува износ од **3.292.078,00 денари.**

Корисникот, надоместокот ќе го плати иа жиро сметка на давателот по добивање на фактура која ќе претставува збир на извршените услуги за текот на еден месец.

**Член 6**

Давателот се обврзува услугите кои ќе бидат побарани од корисникот наведени во точка 1 на овој договор да ги извршува согласно законските прописи, професионално, континуирано, ефикасно, уредно и навремено.

**Член 7**

Корисникот се обврзува за навремено извршување на работите кои ќе бидат побарани, да достави навремено документација потребна за извршување на услугите и при тоа со ништо да не го овозможува навременото извршување на побараните услуги.

Корисникот може во секое време да се информира за начинот и времето на извршување при тоа да има увид во документацијата со која ќе се води целата постапка.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Овој договор може да се раскине со согласност на двете договорни страни, ако се настанати услови за тоа по Законот за Облигациони односи.

За се што не е регулирано со овој договор важат и ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 9**

Во случај на спор по овој договор настанат помеѓу договорните страни, доколку спорот не се реши меѓусобно, надлежен за решавање ќе биде Основниот суд - Штип.

**Член 10**

Овој договор е составен од 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за договорните страни.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **ЈКП „Комуналец„** | **Општина Свети Николе** |
| **Директор,** | **Градоначалник,** |
| **Александар Давчев** | **Зоран Тасев** |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0307-93
2-03 2017 год
СВЕТИ НИКОЛЕ

0307 - 156/2
02.03.2017

# ДОГОВОР

Склучен на ден 02.03.2017 год помегу:

1.Општина Свети Николе со седиште на ул.Плоштад Илинден б.б. преставувана од Градоначалникот на Општина Свети Николе Зоран Тасев,од една страна и
2.Јавно Комунално Претпријатие ,,Комуналец,, од Свети Николе преставувано од в.д.Директорот Александар Давчев од друга страна

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на мегусебните обврски,дефинирање на цените на услугите,начинот на обезбедување на доказите за обемот на извршената работа,во делот на реализација на Програмата за одржување на хигиената на Јавно-прометни површини и речно корито на река Поток во Свети Николе за 2017 год

### Член 2

Извршување на услугите утврдени во чл.1 на овој договор ке биде евидентирано и во спецификација во која ке биде наведено видот на извшената услуга и времетраењето како и со работен налог потпишан од двете страни.

Изготвената спецификација уредно потпишана од извршителот и овластените лица на корисникот,како и работниот налог кој е составен дел на спецификацијата за реализација на работите.

### Член 3

Цената на извршените работи од Програмата за одржување на хигиената на Јавно-прометни површини и речно корито на река Поток, ЈКП Комуналец ке ги фактурира согласно цените утврдени со Програмата за одржување на хигиената на Јавно-прометни површини и речно корито на река Поток во Свети Николе за 2017 год,усвоена од Советот на Општина Свети Николе бр. 0801-111 од 24.01.2017 год,објавена во Службен Весник на Општина Свети Николе бр.1/2017 година од 24.01.2017 година. Програмата е составен дел на овој Договор.

### Член 4

Начинот и условите на плаќање ќе се регулира месечно по фактури и спецификација за извршена работа, која ќе биде составен дел на фактурата и ќе биде поптишана од двете договорни страни.

### Член 5

Вредноста на овој договор без ДДВ изнесува 1.470.824,00 денари плус ДДВ кое изнесува 106.483,00 денари. Вкупниот износ на договорот заедно со ДДВ изнесува **1.577.307,00 денари.**

Корисникот, надоместокот ќе го плати на жиро сметка на давателот по добивање на фактура која ќе претставува збир на извршените услуги за текот на еден месец

**Член 6**

Давателот се обврзува услугите кои ќе бидат побарани од корисникот наведени во точка 1 на овој договор да ги извршува согласно законските прописи, професионално, континуирано, ефикасно, уредно и навремено.

**Член 7**

Корисникот се обврзува за навремено извршување на работите кои ќе бидат побарани, да достави навремено документација потребна за извршување на услугите и при тоа со ништо да не го овозможува навременото извршување на побараните услуги.

Корисникот може во секое време да се информира за начинот и времето на извршување при тоа да има увид во документацијата со која ќе се води целата постапка.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Овој договор може да се раскине со согласност на двете договорни страни, ако се настанати услови за тоа по Законот за Облигациони односи.

За се што не е регулирано со овој договор важат и ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 9**

Во случај на спор по овој договор настанат помеѓу договорните страни, доколку спорот не се реши меѓусебно, надлежен за решавање ќе биде Основниот суд - Штип.

**Член 10**

Овој договор е составен од 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за договорните страни.

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

| | |
|---|---|
| **ЈКП „Комуналец„** | **Општина Свети Николе** |
| **Директор,** | **Градоначалник,** |
| **Александар Давчев** | **Зоран Тасев** |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О.
Бр. 1307-471
10-12 2014 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на член 48 Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадно води („Сл.весник на РМ" бр.68/05, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13), член 18 од Законот за комуналните дејности („Сл.весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14) и член 45 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ" бр.68/2004, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13), на ден 10-12 .2014 година се склучи следниот

# ДОГОВОР

1. ЈКП „Комуналец" - Свети Николе со ЕМБС 6064612, застапувано од в.д.Директор Делчо Динев, како давател на услугата, и
2. Горги Гелев со стан со површина од 80m² и дворно место 40m² кој се наоѓа на ул М. Тито 14 Свети Николе, со ЕМБГ 2905956494508, бр.на лична карта ________ издадена од МВР Св. Николе, вработен во невработен, со број на водомер ________, состојба на водомер 3128m³, како корисник на услугата.

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните односи меѓу давателот и корисникот на услугите – дистрибуција на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и собирање и транспортирање на комунален и друг вид неопасен отпад за куќниот приклучок сопственост на Гелев Горги ЕМБГ 2905956494508 кој живее во Свети Николе на ул. М Тито бр. 14.

Член 2

Давателот на услугата се обврзува да врши редовно и непрекинато снабдување со здравствено исправна вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем и одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализациониот систем и собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад, освен во случаи утврдени со закон.

Член 3

Количината на потрошената вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, ќе се мери со водомер (главен и посебен):

| број | марка | димензија | состојба | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1/2 | | Х.В. |
| | | | | |

Количината на изнесениот комунален отпад се мери врз основа на вкупната површина изразена во m² од целиот имот на корисникот на услугата.

Член 4

Давателот на услугата се обврзува да го чита водомерот секој месец во текот на годината во присуство на корисникот или член на неговото семејство – домаќинство со воспоставена евиденција на давателот на услугата, а да доставува фактури – сметки за месечната потрошувачка секој месец преку овластен работник.

Член 5

Плаќањето за извршената услуга ќе се врши по доставена фактура – сметка за месечната потрошувачка на вода (врз основа на состојбата регистрирана на водомерите од член 3 на овој договор) секој месец, а исто така и плаќањето за собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се пресметува по утврдена површина во ден/м$^3$, секој месец, по цени определени со Одлука на Управниот одбор на давателот на услугата, а согласност за истите дава основачот Совет на Општина Свети Николе.

Член 6

Ако со водомерот од различни причини не може да се утврди стварната потрошена количина на вода до поставување на исправен водомер, пресметката и наплатата пресметката и наплатата ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка пред констатирањето на неисправноста на водометор.

Во случај од ставот еден на овој член корисникот на сопствена сметка е должен во рок од еден месец да обезбеди исправен водомер, а доколку не го стори тоа давателот на услугата на сметка на корисникот на услугата ќе постави исправен водомер.

Член 7

Приклучувањето на водоводната мрежа, отварање и затварање на арматурата од двете страни на водомерот, местење, монтирање и демонтирање, чистење, поставување и замена на водомерните делови на корисникот на услугата на водомерите од член 3 на овој договор го врши исклучиво давателот на услугата.

Член 8

Давателот на услугата е должен да врши преглед и верификација на водомерите од од член 3 на овој договор согласно Законот за метрологија („Сл.Весник на РМ" бр.55/02).

Прегледот и баждарењето на водомерот паѓаат на на товар на давателот на услугата.

Член 9

Корисникот на услугата е должен да овозможи несметан пристап во зградата или друг објект на овластен работник на давателот на услугата , заради читање на водомерите и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на водоводната мрежа и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на јавната водоводна мрежа.

Член 10

Корисникот на услугата е должен редовно да ја одржува внатрешната водоводна инсталација, водомерната шахта или местото каде е поставен водомерот, како и истиот да го заштите од механички и други оштетувања.

Член 11

Корисникот на услугата е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена, по откривањето на секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок, водоводната шахта и канализационата мрежа, како и сите измени кои влијаат на начинот на водоснабдувањето или пресметката на потрошената вода, да го извести давателот на услугата, особено за:

- неисправен водомер (закочен, стопен, скршено стакло, оштетена пломба, механичко оштетено куќиште и сл.);
- промена на сопственоста;
- промена на објектот (од стамбен во деловен и обратно).

Член 12

Корисникот на услугите е должен и се обврзува дека редовно ќе ги плаќа месечните фактури – сметки за извршената услуга – потрошена вода и одведување на урбани отпадни води и за собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад.

Член 13

Давателот на услугата има право на корисникот да му го прекине снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води во случај на неплаќање на фактурите – сметките за потрошена вода и одведување на отпадните води, а по претходна писмена опомена, како и во други случаи утврдени со закон.

Трошоците за исклучувањето од став 1 на ово јчлен и повторното приклучување паѓаат на товар на корисникот.

Член 14

Овој договор се склучува со важност на неопределено време.

Измени и дополнувања на овој договор ќе се вршат со Анекс кон истиот.

Доколку корисникот не го потпише овој договор, ќе му биде прекинато снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води.

Член 15

Во случај на спор по овој договор надлежен е Основниот суд во Свети Николе.

Член 16

Овој договор е составен во три примероци, од кои два за давателот на услугата и еден за корисникот на услугата.

ДОГОВРНИ СТРАНИ

Корисник на услугата

_______________________

(целосно име и презиме)

_______________________

(потпис)

Давател на услугата
ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" Св.Николе
в.д.Директор
_______________________
Делчо Динев

Бр. 0402-256
24.07. 15 год.

# ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" – СВЕТИ НИКОЛЕ

ул. Карпошева бр.82 2220 Свети Николе
тел. 032/443-837 факс. 032/444-333
e-mail: jkpkomunalecsvetinikole@yahoo.com
www.jkpsvetinikole.com.mk

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0307-374
24-07 200 15 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

## ДОГОВОР

Склучен на ден 20.07.2015 година помеѓу:

1. **ЈКП „Комуналец" – Свети Николе** ул. Карпошева бр.82 жиро с/ка 240310000937179 даночен број 4025006108960 застапувано од в.д.Директорот Делчо Динев, во понатамошниот текст **давател на услугата**;
2. **ДПТУ ЈУ-КА ДООЕЛ** од Велес, со седиште на ул. Вардарска бр.40, жиро с/ка 2000091420843 даночен број 4004001112376 застапувано од управител Трајче Димитријев, во понатамошниот текст **корисник на услугата**.

**Член 1**

Предмет на овој договор е превземање и транспорт на отпад (комунален, комерцијален – индустриски отпад) од имот – дворно место на корисникот на услугата и депонирање на отпадот на градската депонија од страна на давателот на услугата.

**Член 2**

Со решение бр.11-9407/3 од 17.11.2009 година Министерството за животна средина и просторно планирање му издаде дозвола на ЈКП „Комуналец" – Свети Николе за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад.

ЈКП „Комуналец" – Свети Николе како давател на услугата се обврзува да го превземе, транспортира и депонира отпадот на градската депонија во Свети Николе.

Отпадот кој ќе го превземе, транспортира и депонира на градската депонија давателот на услугата претставува цврст индустриски – комерцијален отпад.

Отпадот ќе се превземе од имотот – дворнотот место на корисникот на услугата што се наоѓа на ул.Никола Карев бр.20 Свети Николе. Површината на деловниот простор изнесува **300 м$^2$**, а површината на дворното место изнесува **300 м$^2$.**

**Член 3**

Давателот на услугата по завршената работа опишана во член 2 од овој договор ќе му достави фактура секој месец на корисникот на услугата, а за извршената работа од страна на давателот на услугата.

Висината на износот на месечната фактура се пресметува по редовните цени по кои работи давателот на услугата.

Цената по метар квадратен површина со одлука ја утврдува УО на претпријатието, а согласност на истата дава основачот – Совет на Општина Свети Николе.

**Член 4**

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на отпадот од имотот на корисникот на услугата ќе се врши врз основа на претходно утврден план за изнесување на отпадот на давателот на услугата.

Корисникот на услугата е должен отпадот да го селектира, да го спакува во соодветна амбалажа погодна за транспорт и депонирање и да го изложи на пристапно место во својот имот со цел давателот на услугата непречено да го превземе истиот и потоа да го транспортира и депонира на градската депонија.

Корисникот на услугата е должен редовно секој месец да ја плаќа фактурата од член 3 на овој договор најдоцна до деветтиот ден од денот на приемот на истата.

**Член 5**

Договорните страни се должни да ги почитуваат одредбите на овој договор.

Доколку се случи отпадот да не биде селектиран, да не биде спакован во соодветна амбалажа погодна за транспорт или не биде изложен на пристапно место во имотот на корисникот на услугата па поради тоа во текот на транспортот или депонирањето се случи некоја незгода, последица поради тоа како и настанувањето на евентуалната штета на физички или правни лица во целост ќе ја сноси корисникот на услугата.

**Член 6**

Евентуалните недоразбирања и спорни прашања кои можат да произлезат од овој догавор ќе се решаваат со взаемно разбирање и соработка, а во спротивно надлежен е Основен суд - Штип.

**Член 7**

Договорот се склучува на неопределено време, а може да биде раскинат со доставување на писмена изјава до спротивната страна за раскинување на истиот.

**Член 8**

Договорот е склучен во три еднообразни примероци, од кои по еден за двете договорни страни, а еден за службена употреба.

| | |
|---|---|
| **ДПТУ ЈУ-КА ДООЕЛ – Велес** | **ЈКП „Комуналец“ – Свети Николе** |
| **Управител,** | **в.д.Директор,** |
| **Трајче Димитријев** | **Дејчо Динев** |

КОМУНАЛЕЦ П.О СВЕТИ НИКОЛЕ